Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2022 година

Скопје, мај 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 16:36 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа, првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби и членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, како и државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања, Дрита Абдиу – Халили.

На седницата присуствуваше и Ирена Арнаудовска Малинкова, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, потпароли на Владата на Република Северна Македонија и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Славица Грковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка.

3. Кадровски прашања.

4. Прашања и предлози.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, го утврди и заклучи согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17.43 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**